Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-428/2
17.06.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-751/1 од 5.12.2024 година, поднесена од , со адреса на во Скопје, против , со седиште на во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на пристап до добра и услуги, сторена од страна на , вработен во како такси возач, кон

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 5.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на од Скопје против такси возач на возило бр. на такси компанијата , за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на пристап до добра и услуги.

Според наводите од претставката, на ден година, околу 23 часот, после концерт во Планетариумот во Младински културен центар, подносителот- лице со церебрална парализа, повикал такси од компанијата . Кога пристигнало возилото со број , тој сакал да се качи, но бил спречен од возачот, кој му се обратил со зборовите: „Вакви луѓе не примам во кола“. На едно од лицата кои биле во негово присуство, му се обратил со зборовите: „Дали има пари? Нека ми ги покаже парите“, по што додал коментар дека подносителот може да уринира во возилото. Притоа, цело време не му се обраќал нему лично, туку на лицата кои биле со него, и покрај тоа што тој се обидувал лично да му се обрати и да разговара со него. Смета дека сето наведено е заради неговата здравствена состојба и истакнува дека поради таквата ситуација се нашол во состојба на вознемиреност и со крајно повредено достоинство.

Наведува дека досега не е соочил со ваква ситуација, а имало случаи кога таксисти одбивале да го примат во возилото, но биле покултурни. Во случајот тој не наоѓа дека такси компанијата е виновна за однесувањето на возачот и притоа наведува дека претставката не ја поднесува заради било каква корист, туку едноставно заради повредата на неговата личност, бидејќи лицата со попреченост често се соочуваат со вакви и слични непријатни ситуации и смета дека тоа не смее да се премолчи.

<u>Во прилог на претставката беа доставени</u>:

1. Изјава на
2. Изјава на

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 11.12.2024 година испрати Известување бр. 08-751/2 за произнесување по наводите од претставката до .

Обидот за поштенска достава на Известувањето за произнесување беше неуспешен, а поштата беше вратена со назнака „известен-не побарал". Од таа причина, Комисијата на ден 6.2.2025 година направи втор обид за поштенска достава на адресата, при што поштата повторно беше вратена со назнака „известен-не побарал".

Од причина што Комисијата дојде до сознание дека во меѓувреме е променета адресата на седиштето на ,

на ден 29.4.2025 година беше направен повторен обид за достава на Известувањето за произнесување, кое овој пат беше уредно примено од страна на правното лице.

На ден 13.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на

и возачот на такси возило бр. . заведено во Комисијата под бр. 08-428/1.

Во произнесувањето од такси компанијата најпрво се наведува дека по прием на известувањето за произнесување, одговорно лице во компанијата веднаш презело мерки за расчистување на случајот, по што го повикал такси возачот на кого се однесува претставката, му ја предочил претставката заедно со изјавите на сведоците и побарал од него да даде образложение за настанот. Наведуваат дека возачот , според досегашното искуство во компанијата, е вреден работник, лице кое дотогаш немал сторено никаков дисциплински престап, секогаш ги извршувал уредно работните задачи и до тој момент, во компанијата немало поплака за неговото однесување кон колеги, претпоставени и најважно, кон патници.

Сепак, за критичниот ден и настан, возачот појаснил дека настанот се случил во вечерните часови, кога неговата смена била на крај и кога чувствувал умор и истоштеност. Појаснил и дека во минатото имал случај кога превезувал патник со физичко и душевно попречување, па откако патникот се качил во возилото истиот уринирал внатре, по што на крајната дестинација само излегол од возилото без да му плати затоа што немал пари, за кој што настан возачот сам ја надоместил штетата и ги сносил трошоците за хемиско чистење на возилото. Од тие причини, сакајќи да спречи да дојде до ист таков настан, тој пат пред да го земе патникот, прашал дали патникот има пари да плати за такси услугата и на крајно несоодветен начин прокоментирал дека патникот може да уринира во возилото, несвесен дека со ваквите коментари и однесување го омаловажил патникот- подносител на претставката.

Од такси компанијата истакнуваат дека иако како работодавач се должни да ги штитат нивните вработени и лицата ангажирани од компанијата, сепак строго го осудуваат секој вид на дискриминација без оглед дали станува збор за вработено лице или странка која ги користи нивните услуги. Истакнуваат дека за нив, како една од водечките компании во авто такси превозот во Скопје, е особено важно да го одржуваат имиџот на општествено одговорна компанија, која води посебна грижа за потребите на клиентите, поради што секоја претставка од ваков тип ја засега компанијата и чувствуваат одговорност да постапат по истата.

Во таа насока, а со цел да спречат идни такви настани кои ги афектираат корисниците на нивните услуги и ги повредуваат нивните лични права, овластено лице во компанијата одлучило да го санкционира недоличното и дискриминирачко однесување на такси возачот

кој бил дел од настанот, на начин што донел одлука со која се одлучило на такси возачот за месец мај 2025 година да му се исплати надомест намален за 15% од нето износот кој би му следувал како надомест согласно договорот, а воедно одлучил и да го исклучи од возен парк на компанијата во траење од 2 недели, сметано од до година, за кој период ќе се смета дека истиот нема да ги врши работите за кои е ангажиран и нема да му следува исплата на надомест.

Се надеваат дека со ваквата одлука ќе обезбедат генерална и специјална превенција на идни такви случаи во компанијата и дека одлуката е доволна за морална сатисфакција на полносителот на претставката, за кој искрено се надеваат дека ќе го задржат како клиент на во иднина.

Последно, изразуваат длабоко жалење што воопшто дошло до таков немил настан и остануваат отворени за соработка до целосно решавање на предметот.

<u>Во прилог на произнесувањето беа доставени</u>:

1. Произнесување по наводи од претставка од бр. од година
2. Одлука за исплата на намален надомест и исключување од возен парк бр. од година.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната **фактичка состојба**:

На ден година, околу 23 часот, подносителот на претставката - лице со церебрална парализа, кој во моментот бил во присуство на уште две лица - сведоци во постапката, повикал такси од компанијата Кога пристигнало возилото со број , подносителот бил спречен да се качи во возилото од страна на возачот, кој му се обратил со зборовите: „Вакви луѓе не примам во кола". Дополнително побарал и да му се даде доказ дека лицето ќе плати за услугата, за што на едно од лицата кои биле во негово присуство му се обратил со зборовите: „Дали има пари? Нека ми ги покаже парите". Потоа додал и коментар дека подносителот може да уринира во возилото. Според изјавите на сведоците, возачот за целото времетраење на разговорот не му се обраќал на подносителот лично, туку на лицата кои биле со него, и покрај тоа што тој се обидувал лично да му се обрати и да разговара со него.

По применото Известување за произнесување по претставката и добиеното сознание за настанот, рабодотавачот- донел Одлука за исплата на намален надомест и исклучување од возен парк бр. година. Со предметната одлука се одлучило на такси возачот за месец мај 2025 година да му биде исплатен надомест намален за 15% од нето износот кој би му следувал како надомест согласно договорот, а воедно и тој да биде исклучен од возен парк на компанијата во траење од 2 недели, сметано од до година, за кој период нема да му следува исплата на надомест.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".

Според **член 5 од Законот**, забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дополнително, меѓународните инструменти кои се обврзувачки за државата, како што е **Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост**, го потенцираат правото на лицата со посебни потреби на пристап до сите аспекти на општеството на еднаква основа со другите, вклучувајќи ја и физичката средина, транспортот, [...] и други објекти и услуги обезбедени за јавноста.

Во конкретниот случај однесувањето на возачот ги одразува стереотипните претпоставки за способностите на лицата со попреченост, што имало за последица повреда на достоинството и автономијата на подносителот на претставката. Ваквото однесување, притоа, го продлабочува исклучувањето на лицата со попреченост од општествениот живот.

Имено, барањето да му се покажат однапред парите со кои би се платила услугата, претпоставката дека подносителот на претставката би уринирал во возилото, како и обраќањето кон останатите двајца присутни, наместо директно кон него, укажува на тоа дека услугата не била обезбедена на ист начин како што би била на лице без попреченост. Иако возачот во своето произнесување наведува дека причината зад ваквото постапување била негово претходно негативно искуство и фактот што било крај на смена и тој бил уморен, сепак тоа не го оправдува нееднаквиот третман кон подносителот, базиран на предрасуди за неговата попреченост. Поконкретно, стравот кај возачот од потенцијална штета или неплаќање на услугата не може да надвладее над правото на подносителот на еднаков третман.

Воедно, важно е да се потенцира и околноста дека возачот упати писмено извинување, што укажува на одреден степен на свесност и желба да го исправи таквото однесување, а такси компанијата последователно реагираше со дисциплински мерки против него, вклучувајќи намален надомест за работа и привремена суспензија од работа, што покажува одговорност и волја да се почитуваат стандардите за недискриминација.

Овие околности, иако не ја негираат дискриминацијата што се случила, покажуваат степен на одговорност и треба да бидат соодветно препознаени.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** да се воздржи од какво било идно однесување кое би претставувало нееднаков третман врз основа на попреченост.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** такси компанијата да продолжи да се залага за почитување на принципите на еднаквост и недискриминација во своето работење и да презема соодветни мерки за нивно обезбедување.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- 
- 